**ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА**

**ДЕТСКА ГРАДИНКА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на Јавна Општинска Установа за деца Детска Градинка „Гоце Делчев“ –

Општина Илинден

во воспитната 2024/2025 година



Август, 2025 година

Јавната општинска установа за деца, Детска градинка „Гоце Делчев“ - општина Илинден (во понатамошниот текст Детска градинка) целокупната згрижувачка и воспитна дејност во текот на воспитната 2024/2025 година ја програмираше, организираше и реализираше врз основа на:

**1.** Законот за заштита на децата (Службен весник на Р.С.М. бр.23 од 14.02.2013) и неговите измени и дополнувања;

**2.** Статутот на детската градинка (02-80/3 од 14.06.21 година);

**3.** Основите на програмата за ран детски развој (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.125/2007);

**4.** Програма за рано учење и развој (Службен весник на Р.С.М. бр.46 од 06.03.2014);

**5.** Подзаконските акти на Министерството за социјална политика , демографија и млади

**6.** Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“;

**7.** Постоечката законска регулатива;

*Добро организираното воспитание на децата од предучилишна возраст претставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизирани принципи од причина што овој сегмент од детското воспитание е од голем општествен интерес.*

*Како воспитно-згрижувачка установа, следевме стручни и научни согледувања за важноста на првите  години одразвојот на детската личност кои се основа за понатамошна изградба на една успешна, задоволна, и среќна детска личност.*

*Во овој извештај за нашата целокупна работа ќе ги прикажеме вкупните активности, како и реализацијата на воспитните планови и програми, сите нови имплементирани сознанија во нив и  постигнатите успешни резултати на ниво на градинка.*

*Аналитички ќе се осврнеме на успесите и слабостите, недостатоците и започнатите нови програмски активности, како и вклучувањето на родителот за поуспешно реализирање на програмите со  цел непречен развој и напредување на детето во сите сегменти на развојот.*

*Основната дејност - воспитание и згрижување на деца од предучилишна возраст ја оствaривме преку: згрижување, престој, нега, воспитание, спортско-рекреативни игри, еколошки активности,  културно-забавни активности, активности за подобрување и следење на здравјето на децата, како и мерки за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето од јасли  до 6 години.*

*Програмските задачи кои градинката ги реализираше во изминатата година беа усогласени со потребите на предучилишното воспитание, неговото воспитно дејствување со психо – физичкиот развој на децата, индивидуалните и возрасните можности и способности  на децата како и со потребите и барањата на семејствата.*

**СОДРЖИНА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ**

Со годишниот извештај за работа на детската градинка во воспитната 2024/2025 година опфатени се следните содржини:

1. **Организација**
    **1.1.** Организациона поставеност
    **1.2.** Просторни услсови
    **1.3.** Опременост
    **1.4.** Работно време
2. **Распоредување на децата по групи**
3. **Реализирање на воспитната програма за работа**
4. **Стручно - педагошка дејност**
    **4.1.** Јавна и културна дејност
    **4.2.** Соработка со родители
5. **Следење и унапредување на воспитно-згрижувачката дејност**
6. **Здравствена заштита**
7. **Стручно усовршување на вработените**

8. **Совети кои работат во рамките на Детската градинка**

**8.1.** Совет на воспитувачи

**8.2.** Совет на негователи

**8.3.** Стручен совет

**8.4.** Совет на родители

9. **Работа на Директорот**

10. **Работа на Управниот одбор**

11. **Работа на органот за надзор**

12. **Слаби страни и недостатоци**

13. **Заклучоци и силни страни**

# 1. ОРГАНИЗАЦИЈА

## 1.1 Организациона поставеност

Организационата поставеност на работата во детската градинка овозможува правилно изведување на воспитно-згрижувачката дејност. Детската градинка својата дејност ја извршува во два објекта и тоа:

**1.** Централен објект „Гоце Делчев“ ул.534 бр.25 н.м. Марино и

**2.** Објект „Прв чекор“ ул. 8 бр. 90 б. н.м. Миладиновци.

Централниот објект на Детската градинка „Гоце Делчев“ е наменски изграден во 2009 година. Друг дел е адаптиран од училиште во детска градинка во 2012 година. Во 2016 година изграден е нов дел од 7 занимални. Во 2024 година извршена е доградба на централниот објект со две занимални за потребите на јаслените групи. Со доизградбата на градинката, која е целосно финансирана со средства од општинскиот буџет изградени се и уредени нови простории на простор од 300 м2 , кои се состојат од две затворени и две отворени занимални(тераси), посебен влез со хол, тријажа и чајна кујна, наменети за згрижување на јаслените групи за деца од 9 до 24 месеци. Вкупната нето површина на централниот објект на градинката изнесува 1929 м2.

Објектот „Прв чекор“ е изграден и започна со работа во декември 2020 година. Вкупната нето површина изнесува 443.36 м2.

До Централниот објект градинката има пристап од постоечка сообраќајница ул. 534. Обезбеден е пристап кон градинката преку посебен економски пристап за достава на храна. Градинката има пристап и од три пешачки патеки.

До објектот „Прв чекор“ се пристапува од постоечката сообраќајница ул. 8. во н.м.Миладиновци. Обезбеден е посебен економски пристап до дистрибутивната кујна. Градинката има пристап од една пешачка патека.

За потребите на двата објекта обезбеден е соодветен паркинг простор.



*Централен објект „Гоце Делчев“ н.м Марино*



*Објект „ Прв чекор“ н.м. Миладиновци*

Во детскиот парк во двата објекта се изведува утринска гимнастика кога временските услови го дозволуваат тоа.

Детската градинка располага со  детски парк кој е лоциран до јаслените групи и е наменет за најмалите дечиња.







Локацијата на двата објекта и нејзината поврзаност со пешачките патеки е мошне поволна во поглед на спроведување прошетки кои го обиколуваат објектот и овозможуваат безбедно движење на децата во блиската околина, посети на објекти и институции.

Во средишниот дел на патеката од страна на воспитниот тим исцртани се мотиви: кружен тек кој ќе ги одведе децата до влезот на објектот, не лути се човече, игра за танцување, планетариум, лавиринт, скок во далечина, плочка.












Во објектот „Прв чекор“ со асфалтни бои се исцртани игри кои водат до влезот на самата градинка. Игрите нудат можност за забава, релаксација и креативно изразување на

децата. Исто така, децата играјќи ги тие игри ги подобруваат своите вештини за координација, контрола и движење.







## 1.2. Просторни услови

Во следната табела ви ги прикажуваме просторните услови во Централниот објект „Гоце Делчев“:

***<u>Простории за деца по возрасна група</u>***

(занимална, гардероба, санитарни простории, отворена занимална-тераса)

Детската градинка располага со 18 занимални со различни површини:

| ЗАНИМАЛНИ | ПОВРШИНА |
|---|---|
| Занимална 1 | 39,16 м2 |
| Занимална 2 | 39,30 м2 |
| Занимална 3 | 39,42 м2 |
| Занимална 4 | 53.80 м2 |
| Занимална 5 | 49,02 м2 |
| Занимална 6 | 49,02 м2 |
| Занимална 7 | 49,02 м2 |
| Занимална 8 | 49,02 м2 |
| Занимална 9 | 34,02 м2 |
| Занимална 10 | 43,74 м2 |
| Занимална 11 | 44,07 м2 |
| Занимална 12 | 44,07 м2 |
| Занимална 13 | 44,45 м2 |
| Занимална 14 | 44,15 м2 |
| Занимална 15 | 18,06 м2 |
| Занимална 16 | 35,38 м2 |
| Занимална 17 | 46,60 м2 |
| Занимална 18 | 46,60 м2 |

 

Сите занимални се директно поврзани со ходникот и имаат посебни санитарни чворови кон кои згрижувачкиот кадар има прегледност од занималната.

Гардеробите за сите занимални се сместени во ходниците кои се димензионирани за да може непречено да се користат за движење. Секое дете има посебен дел за облеката и обувките.

Во непосредна близина на гардеробите има поставено и клупи кои се користат за промена на обувките на децата при доаѓање и заминување од градинката.

 

Двете занимални наменети за деца од 9 до 24 месечна возраст располагаат со засебен влез со тријажа, со отворени занимални (тераси), тоалети. Во овој дел постои чајна кујна и техничка просторија.

***Заеднички простории***

***Просторија за прва помош  и изолација и просторија за логопед***

Просторијата е со површина од 8,2 м2 и е наменета за сместување на дете доколку кај него се забележат здравствени проблеми. Во оваа просторија детето останува додека родителот не дојде да го земе од градинка.




***Гардеробер за вработени***

Детската градинка располага со гардеробер за вработени. Во оваа просторија со површина од 19,92 м2 сместени се шкафови за секој вработен.



***Перална***

Пералната е со површина од 15 м2 и се наоѓа во рамки на помошните простории на детската градинка. Се користи за пеглање, перење и чување на постелнината. Во просторијата се сместени ваљак за пеглање на постелнината, професионална машина за перење и професионална машина за сушење на постелнината.

Објектот „Прв чекор“ исто така располага со опремена перална за потребите на објектот.

***Котлара***

Во котларата се наоѓаат котлите за парно греење. Во неа се инсталирани два системи за греење, еден со користење на обновливи извори на енергија, котел на нафта како и систем на греење со пелети. Котларата зафаќа површина од 52 м2.





***Простории за комуникација***

Четири влеза со настрешница без бариери, ходници со пропишани ширини без бариери, скали високи 14 цм.

Градинката има две тераси кои се подигнати од терен за 56 цм. За совладување на оваа висина изградени се скали со висина 14 цм и рампи за непречен пристап на инвалидизирани лица.

***Просторија за директор и административна просторија***

Површината на овие простории е 20,08 м2. Просторијата за директор е со поглед кон холот и влезот на градинката.

Во административната просторија се одвива архивско и финансиско работење. Во посебна просторија Архива се чуваат архивските материјали кои служат како извор или доказ за работата која се врши во градинката.

***Санитарен чвор***

Вработениот кадар користи два посебни санитарни чворови опремени со ВЦ шоља и мијалник.

Посебен санитарен чвор користат вработените од кујна.

***Економско - техничка просторија* (*кујна*)**

Кујната располага со вкупна површина од 76,4 м2, која е поделена на три сегменти:

1. дел за термичка обработка (32,52 м2);
2. дел за обработка на зеленчук и овошје (15,17 м2);
3. дел за колички (22,88 м2);

Кујната располага со магацин за складирање на храната (12,92 м2) со засебен влез.

Централниот објект опремен е со сите потребни елементи кои овозможуваат да функционира самостојно.

**Кујната располага со следната опрема:**

1. Фрижидер со фиоки (1);
2. Фрижидер инокс дупли (за одржување 1);
3. Фрижидер за длабоко замрзнување (1);
4. Фрижидер еднокрилен(1);
5. Фритези (3);
6. Работни маси (5);
7. Колички (19/ 16 –инокс и 3- дрвени)

8. Универзална машина за сецкање (2);
9. Машина за миење садови (1);
10. Машина за лупење компири (1);
11. Шпорет (1);
12. Воздушна завеса (1);
13. Садопери (2);
14. Ситен инвентар;
15. Аспиратор (2);
16. Иноксни полици (3);
17. Дигитална вага (1);
18. Конвектомат за пекарство (1);
19. Конвектомат за готвење (1);
20. Иноксни корпи (2);
21. Казан за готвење (1);
22. Машина за мелење месо (1);
23. Миксер за тесто (1);
24. Блендер (3);
25. Рачен блендер (1);
26. Вафларка дупла (2);
27. Кујнски робот – рачен миксер (1);
28. Помошна маса за мелење месо (1);
29. Фиокарче инокс (1);
30. ПВЦ термос за пренос на храна (1);
31. Инокс термос за пренос на храна (4);
32. Мерач за месо (2);
33. Дигитален мерач за фрижидер (2);
34. Дигитален мерач за млеко (2).
35. Кипер (1)
36. Полици (2)

Во градинката во текот на изминатата воспитна година се подготвуваше храна според мени изработено од страна на нутриционист, препорачано од Министерство за социјална политика, демографија и млади со намера децата да ги конзумираат сите потребни елементи во исхраната. Значително се подобри менито за исхрана. Готварскиот кадар продолжи со самостојно подготвување на ужинките, што придонесе за заштеда на финансиски средства и поголем квалитет.

Исто така, и оваа година градинката продолжи со извршување на кетеринг услуги за ООУ ,,Гоце Делчев‘‘ – н.Илинден, за децата кои посетуваат целодневна настава.







Во Јули 2025 година се започна со изградба на нова кујна за потребите на детската градинка. Ќе се добие нова кујна со површина од 150м2, која ќе има капацитет за подготовка на 700 оброка како за децата во градинката, така и за учениците кои се во продолжен престој во училиштата. Просторот во кој сега е сместена постоечката кујна ќе биде реконструиран и адаптиран во две занимални.



***Сала за состаноци***

Салата за состаноци е со површина од 26 м2. Во неа се одржуваат состаноци во врска со работата во градинката, како и состаноци со родители.



***Сала за приредби и манифестации***

Салата за свечености е со површина од 120,48 м2 и истата се користи за одржување на приредби и претстави за децата. Тука се одржува патрониот празник и останати свечености. Исто така, салата се користи за спортски активности и истата е опремена со разновидни спортски реквизити (кош, стативи, душеци, греда).

Интерактивната смарт-табла во салата се користи за презентации на проекти, обуки на вработени и за реализација на секојдневните игри и активности со децата.

 

Објектот „Прв чекор“ располага со 4 занимални со различни површини.

| **ЗАНИМАЛНИ** | **ПОВРШИНА** |
|---|---|
| Занимална 1 | 50,36 м2 |
| Занимална 2 | 58,96 м2 |
| Занимална 3 | 60,00 м2 |
| Занимална 4 | 58,90 м2 |



Во објектот за две занимални постои можност за меѓусебно поврзување кое ќе овозможи да се добие поголем простор кој согласно потребите ќе се користи за различни свечености.  Во  секоја занимална има санитарни простории за деца кои се опремени со ВЦ шолји и мијалници.

***Заеднички простории:***

- Ходници со гардеробери (51.20 м2)
- 4 санитарни чвора за деца и  за вработени (9.1 м2)
- Гардеробер (18. 67 м2)
- Дистрибутивна кујна (12 м2)
- Канцеларија (14.30 м2)
- 2 тераси (34.25 м2)
- Магацин (10.75 м2)
- Просторија за изолација (8 м2)
- Машински простор во дворот на градинката (котлара)





*Ходници со гардеробери* *Гардеробер за вработени*



*Котлара*

***Економско - техничка просторија (дистрибутивна кујна)***

Кујната располага со вкупна површина од 12 м2. Во неа се подготвува појадокот и ужинката, а ручекот се доставува од главната кујна од Централниот објект со соодветно транспортно возило кое има вграден температурен режим. Возилото има садови за транспорт – термоси во кои се дистрибуира храната.

При транспорт на храната се почитуваат правилата определени со стандардот HACCP.





Дистрибутивната кујна во објектот располага со следната опрема:

1. Машина за садови (1 );
2. Електричен шпорет (1 );
3. Инокс полици (2);
4. Садопер (1);
5. Фрижидер за одржување (1);
6. Маса (2);
7. Маса со отвор за отпадоци (1);
8. Електричен миксер (1);
9. Рачен блендер (1);
10. Инокс колички (4);
11. Полици во магацин (3);
12. Аспиратор (1);
13. Вафларка единечна (1);
14. Ситен инвентар

Чајната кујна содржи: електричен шпорет, мијалник, маса и столчиња.

## 1.3. Опременост

Добро организираниот простор создава пријатна атмосфера за непречено одвивање на воспитно-згрижувачката дејност.

Осмислениот простор овозможува лесна реорганизација и прилагодување на разновидните потреби како и оптимални услови за остварување на воспитно-згрижувачката работа.

Во двата објекта тековно се зголемува бројот на играчки, дидактички материјали, аудиовизуелни средства и останата опрема.

Во секоја од занималните согласно програмата по која се работи се организирани и отворени следните центри: ликовен центар, музички центар, конструктивен центар, математички центар, семејно – драмски центар, литературен центар, сообраќаен центар, манипулативен и научно – истражувачки центар. По потреба и зависно од темата која се работи се оформуваат и други непостојани центри, како што се: етнолошки центар, еколошки центар, центар за игри со улоги, драматизација и  куклени претстави,  песочен центар и патека со игри.

Во текот на воспитната 2022/2023 година во дворот на градинката поставен е монтажен објект кој е опремен и функционира како истражувачки центар за игри и активности. Истражувачкиот центар е опремен со микроскоп, инсектариум, огласна табла, гардеробер со чизми и кабаници, опрема за уредување на зеленчуковата градина. Околу истражувачкиот центар засадени се разновидни зеленчукови култури.

Во текот на воспитната 2024/2025 година продолживме со активности со децата во истражувачкиот центар и одгледување на разновидни зеленчукови култури.












INVISIBLE WORLD

Моменталната состојба на опременост со технологија и реквизити со кои располагаат двата објекта се прикажани во следната табела:

| ***Ред. Бр.*** | ***Вид на средства*** | ***Бројна состојба*** |
|---|---|---|
| **1.** | ТВ приемник во боја | 17 |
| **2.** | Реквизити во дворот | Лулашки 11<br>Тобоган 3<br>Вртелешки 3<br>Воз 2<br>Клацкалка 6<br>Мост 1<br>Кош 2<br>Голчиња 2<br>Реквизити за качување во височина 2<br>Карпа за качување 1<br>Гасеница 1<br>Куќичка 3<br>Коњчиња 4<br>Велосипед 1 |
| **3.** | Касетофон | 2 |
| **4.** | Блутут звучник | 3 |
| **5.** | ДВД со сараунд | 1 |
| **7.** | Компјутер (лап-топ) | 19 |

| | | |
|---|---|---|
| **8.** | Печатач | 2 |
| **9.** | Изданија на детска литература | 2540 |
| **10.** | Клима уред | 18 |
| **11.** | Кош | 1 |
| **12.** | Душеци | 2 |
| **13.** | Греда | 1 |
| **14.** | Синтисајзер | 1 |
| **15.** | Машина за шиење | 1 |
| **16.** | Стручна литература | 20 |
| **17.** | Огласни табли | 20 |
| **18.** | Микрофон | 2 |
| **19.** | Разглас | 1 |
| **20.** | Смарт табла | 1 |

**1.4. Работно време**

Работното време на детската градинка е уредено со Закон за заштита на децата. Детската градинка е отворена за работа со деца секој работен ден  освен сабота, недела и државни празници утврдени со закон. Пауза за вработените се користи во следните термини:

- од 10:00 часот до 10:30 часот технички пресонал,
- од 10:30 часотдо 11:00 часот воспитувачи и
- од 11:00 часот до 11:30 часот негователи.

Работното време на детската градинка во текот на денот изнесува 12 часа во период од 06:00 часот  до 18:00 часот.

Распоредот на работното време на вработените е скалест во рамките на 6 часовно, 7 часовно работно време за работа со деца за воспитувачи, односно негователи и 8 часовно работно време за останатите вработени.

## 2. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ПО ГРУПИ

Во воспитната 2024/2025 година во Централниот објект беа опфатени 490 деца.

Според возраста, а во согласност со член 55 од Законот за заштита на децата, како и во согласност со критериумите за прием, децата се распоредени во 15 хомогени групи и 1 хетерогена група, сместени во 16 занимални.

Во текот на воспитна 2024/2025 година бројот на згрижени деца во централниот објект „Гоце Делчев“ распоредени во воспитни групи е прикажан во следната табела:

| **Групи распоредени по возраст** | **Бр. на групи** | **Бр. на деца** |
|---|---|---|
| Јаслена група ( од 9 до 12 месеци) | 1 | 24 |
| Јаслена група ( од 12 до 15 месеци) | 1 | 23 |
| Јаслена група (од 15 до 18 месеци) | 1 | 23 |
| Јаслена група (од 18 до 24 месеци) | 1 | 22 |
| ***Вкупно деца во јаслени групи*** | ***4*** | ***92*** |
| | | |
| Прва мала (2- 3 години) | 1 | 25 |
| Втора мала (2 - 3 години) | 1 | 25 |
| Трета мала (2 – 3 години) | 1 | 25 |
| Четврта мала (хетерогена) | 1 | 24 |
| ***Вкупно деца во мали групи*** | ***4*** | ***99*** |
| | | |
| Прва средна (3-4 години) | 1 | 30 |
| Втора средна (3-4 години ) | 1 | 31 |
| Трета средна (3-4 години ) | 1 | 30 |

| | | |
|---|---|---|
| Четврта средна (3-4 години) | 1 | 30 |
| Петта средна (4-5 години) | 1 | 30 |
| Шестта средна (4-5 години) | 1 | 29 |
| Седма средна(4-5 години) | | 29 |
| ***Вкупно деца во средни групи*** | ***7*** | ***209*** |
| | | |
| Прва голема (5-6 години ) | 1 | 30 |
| Втора голема (5-6 години) | 1 | 30 |
| Трета голема (5-6години ) | 1 | 30 |
| ***Вкупно големи групи*** | ***3*** | ***90*** |
| | | |
| ***Вкупно*** | ***18*** | ***490*** |

Бројот на згрижени деца во воспитната 2024/25 година достигна до 490 деца во Централниот објект на детската градинка „Гоце Делчев".

Во воспитната 2024/2025 година во објектот „Прв чекор" беа опфатени 106 деца. Според возраста, а во согласност со член 55 од Законот за заштита на децата, како и во согласност со критериумите за прием, децата се распоредени во 4 хомогени групи.

Во текот на воспитна 2024/2025 година бројот на згрижени деца во објектот „Прв чекор'' распоредени во воспитни групи е прикажан во следната табела:

| **Групи распоредени по возраст** | **Бр. на групи** | **Бр. на деца** |
|---|---|---|
| Јаслена група (од 9 до 24 месеци) | 1 | 22 |
| ***Вкупно деца во јаслени групи*** | ***1*** | ***22*** |
| | | |
| Прва мала група (2-3 години) | 1 | 26 |
| ***Вкупно деца во мала група*** | 1 | 26 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| Втора средна група ( 3-4 години) | 1 | 28 |
| ***Вкупно деца во средна група*** | ***1*** | ***28*** |
| | | |
| Голема група (5-6 години ) | 1 | 30 |
| ***Вкупно деца во голема група*** | ***1*** | ***30*** |
| | | |
| ***Вкупно деца во објектот*** | ***4*** | ***106*** |

Во текот на воспитната 2024/2025 година во двата објекта беа згрижени вкупно 596 деца.

Согласно Законот, Управниот одбор донесе Одлука за утврдување на критериуми за прием на деца (арх.бр. 02-62/7 од 24.07.2025 година). Пред почетокот на воспитната година, Комисијата за прием на деца ги разгледува пријавите за упис. Согласно бројот на испразнети места се формираат воспитни и јаслени групи. Воспитните групи се формираат така што предност се дава на формирање на големите, по нив на средните, малите и на крајот јаслени групи со цел, што повеќе деца да се подготват за поаѓање на училиште.

Овие критериуми се доставени до Советот на општина Илинден и дадена е согласност за истите (арх.бр. 08-1831/9 од 11.07.2024 година). Согласно Законот, Управниот одбор донесе Одлука за утврдување на поголем број деца од законско утврдениот број во хомогените и хетерогените групи (арх.бр. 02-62/8 од 24.07.2025 година).

Оваа одлука е доставена до Советот на Општината и дадена е согласност на истите ( арх.бр. 08-1831/8 од 11.07.2024 година).

Во воспитната 2024/2025 година 101 дете го завршија предучилишното воспитание.

## 3. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

ЈОУДГ „Гоце Делчев“ води **Дневник за работа на детската градинка** и **Главна книга.** Дневникот за работа на детската градинка го води директорот и во него се забележуваат сите информации за работата на градинката, а во главната книга се внесува секое дете со основни информации при упис.

Воспитувачот врз основа на Програмата за рано учење и развој и Стандардите за ран детски развој води ***Дневник за работа на воспитната група*** во пишана форма како и ***Електронски дневник за педагошка евиденција и документација.***

Воспитната работа се планира и се реализира интегрирано. При планирањето воспитувачот јасно и прецизно ги дефинира ***целите на воспитната работа*** и се води според ***развојните домени***, а притоа определува активности со кои најефикасно ќе ги реализира целите. Освен дневникот во педагошка документација спаѓаат и ***инструментите за вреднување на постигнувањата на децата***. Во инструментите се застапени сите стандарди со развојните домени. Вреднувањето се врши двапати годишно во три чекори: прв чекор, напредува и достигнува. Планирањето се реализираше според согледувањата на воспитувачите за потребите и интересот на децата, почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели. Планирањето вклучуваше разгранување на една тема на подтеми и програмски ситуации и одредување на задачите кои низ неа ќе се реализираат и групираат според развојните аспекти на детската личност.

Активностите често се изведуваа преку воспитните центри: семејно-драмски, сообраќајни, литературни, уметнички, музички, математички, конструктивни, научно-истражувачки центри, компјутерско-информатички, центар за игри со улоги, драматизација, куклени претстави и песочен центар.

**Беа планирани и реализирани четири теми :**

| Р.бр | Тема | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Градинката во есен | Од 02.09.2024 до 29.11.2024 |
| 2. | Зимски радости | Од 02.12.2024 до 28.02.2025 |
| 3. | Пролетен цртеж | Од 03.03.2025 до 30.05.2025 |
| 4. | Летни игри | Од 02.06.2025 до 29.08.2025 |

Планираните теми се работеа во сите воспитни групи.

Во темите се опфатени сите **домени за рано учење и развој**:

1. Физичко здравје и моторен развој;

2. Социоемоционален развој;

3. Развој на пристап кон учењето;

4. Развој на јазикот, описменување и комуникација;

5. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Во секој домен се застапени стандарди за рано учење и развој преку кои се реализираат планираните активности. Застапеноста на стандардите за рано учење и развој е во зависност од возраста на воспитната група.

Темите беа реализирани преку разни организациони форми на работа и методи на проучување и учење.

Во текот на воспитно – образовната 2024/2025 година беа реализирани посети со цел збогатување на детското искуство и среќавање со нови ситуации. Исто така, во

просториите на градинката се оддржуваа воннаставни активности - часови по англиски јазик и часови по танц и ритмички вежби.

## 4. СТРУЧНО- ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

### 4.1. Јавна и културна дејност

Јавната и културната дејност на детската градинка има за цел да придонесе за што поцелосно остварување на севкупните задачи на предучилишното воспитание, а особено за подобрување на воспитните резултати и збогатување на културниот живот во градинката. Изминатата година културните активности беа насочени кон реализирање на повеќе манифестации.

Освен тоа, во рамките на детската градинка во текот на минатата година се реализираа повеќе културно-забавни манифестациии, се одбележаа голем број на празници, со цел истакнување на личноста на детето преку литературни, сценски, филмски и музички творештва.

На стручниот совет секој од воспитувачите добива задолженија за настани кои треба да се одбележат во текот на годината и самиот во координација со директорот го осмислува и реализира настанот вклучувајќи ги групите во градинката.

**1. 8ми Септември – ,,Ден на независноста‘‘**

Дечињата од нашата градинка го одбележаа ,,Денот на независноста‘‘ на нашата татковина со изработка и делење на знамиња во блиската околина, пеење и танцување на песнички посветени на татковината.



## 2. 22ри Септември - ,,Ден без автомобили‘‘

Дечињата од нашата градинка го одбележаа Денот без автомобили доаѓајки во градинка со велосипед или тротинет, со цел да се подигне свеста кај возрасните помалку да ги користат автомобилите, затоа што токму тие се едни од најголемите загадувачи на воздухот.





**2. 26ти Септември - ,,Ден на чистите планини‘‘**

Со цел развивање на свеста на децата за потребата од зачувување на планините и користа од чистиот воздух, децата се запознаа со убавините на планините на нашата земја и важноста од престојот на чист воздух.



**3. 1ви Октомври – „Меѓународен ден на старите лица“**

„Меѓународниот ден на стари лица“ нашите дечиња го одбележаа Меѓународниот ден на стари лица изработувајќи честитки за своите баби и дедовци.





## 4. Детска недела

Градинката „Гоце Делчев“ традиционално и оваа година ја одбележа Детската недела која се реализираше во првата полна цела недела од месец Октомври.

### 1) Прв ден

Првиот ден од Детската недела ја започнавме со соработка со ООУ"Гоце Делчев" каде дечињата од Vг одделение настапија со театарска претстава, каде на забавен и интересен начин им ги пренесоа правата на нашите деца.



### 2) Втор ден

Вториот ден од Детската недела го посветивме на спортот и спортските активности. Децата играа фудбал, се натпреваруваа со подавање на топчиња и во трчање. Сите игри го поттикнаа натпреварувачкиот дух кај децата.



### 3) Трет ден

Во рамки на детска недела го промовираме проектот "Среќна Среда". Преку овој проект ќе се реализираат разновидни донаторски акции и активности со родителите, приватниот сектор и пошироката заедница со заедничка цел да се усреќат нашите деца и да се поттикне општествената одговорност.

### 4) Четврти ден

Во рамките на одбележувањето на Детската недела наш гостин ни беше сликарот Живко Поповски Цветин. Заедно со дечињата тој сликаше цвеќиња на мирот и на дечињата им додели,,Цветинова награда за мир" за најмлади амбасадори на мирот.



## 5. 15ти Октомври - „Светски ден на пешаците“

По повод „Светскиот ден на пешаците“, беа одржани активности во кои децата се движеа во блиската околина на градинката согласно сообраќајните правила со цел да се запознаат со правилата на движење на пешаците во сообраќајот.



## 6. 16ти Октомври - „Светски ден на здравата храна“

По повод „Светскиот ден на здравата храна“ дечињата правеа мармалад. Се запознаа и научија за важноста и значењето на здравата исхрана.



## 7. 31ви Октомври - „Светски ден на штедењето“

По повод „Светскиот ден на штедењето“, децата од нашата градинка беше посетени од родител кој е вработен во Шпаркасе Банка. Децата се запознаа со начинот на штедење, но и тоа колку е важно уште од најмала возраст да ги научиме децата на добри навики на штедење.




## 8. Светски ден на детето

По повод Светскиот ден на детето во нашата градинка организиравме акција "Од дете за дете", каде што преку лотарија дечињата ги разменија своите играчки со другарчињата од својата група.



## 9. Новогодишен базар

На 16.12.2024 година во двата објекта на градинката беше реализиран Новогодишен базар. На Новогодишниот базар беа изложени и продавани креативни рачни изработки на дечињата и родителите од групите Буба Мара, Сончоглед, Светулка, Бувче и Пинокио. Со собраните парични средства беа купени играчки по избор на децата.






## 10. Нова година

По повод новогодишните празници, децата реализираа разни видови на активности. Китеа елки, ги украсуваа занималните, изработуваа честитки и правеа новогодишни колачиња, ја проследија интерактивната претстава ,,Снежно гледалиште'' во салата на градинката. Исто така, децата се фотографираа со Дедо Мраз, добија новогодишни пакетчиња и учествуваа во новогодишна забава.

 

**11. 5ти Јануари - ,,Коледе, Бадник, Божиќ‘‘**

Во рамки на христијанските празници беа реализирани подготовки за големите празници Бадник и Божиќ. Традиционално децата пееја коледарски песни, беа дарувани со божиќни дарови од Фурна Идеал М&М, по што продолжија со ручек кој ја симболизираше бадниковата вечера.

 

## 12. 4ти Февруари - Патронен празник на градинката

На патрониот празник беа обележани 16 години постоење на ЈОУДГ „Гоце Делчев“ и 153 години од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев.




16тиот патронен празник беше посветен на нашата татковина во која учествоземаа децата од групите : „Пинокио“, „Детелинка“, „Јаготка “и „Слонче“, а за својата изведба беа наградени со бурни аплаузи.




## 13. 28 Февруари – Светски ден на лица со ретки болести

Нашите дечиња од група Буба Мара земаа учество во Меѓународниот проект "Ретки се". Дечињата реализираа разни активности, истражуваа, учеа , цртаа срциња во разни бои за ретките се бориме.



## 14. 8ми Март – ,,Меѓународен ден на жената‘‘

По повод „Меѓународниот ден на жената - 8ми Март“ децата учествуваа во музички и танцови изведби, изработуваа букети со цвеќиња, честитки, цртежи на своите мајки, а со тоа им дадоа заслужено внимание, љубов и почит на своите мајки, баби и тетки.




## 15. 14ти Март - „Светски ден на реката“

На 14ти Март беше одбележан „Светскиот ден на реките“ со цел уште од најмала возраст да се развие свеста за вредноста на реките и нивното значење за живиот свет, како и тоа колку секој од нас може да придонесе за нивно зачувување. Децата собираа каменчиња во непосредната околина, ги боеја и направија река и брег, а воедно се запознаа со важноста и значењето на реките.





## 16. 20ти Март – „Светски ден на среќата“

На светот не постои ништо поубаво од среќни деца. Среќата е една од основните човекови емоции и истата треба да се поттикнува уште од најрана возраст. Токму поради тоа дечињата низ многубројни содржини и активности го обележаа ,,Светскиот ден на среќата‘‘.




## 17. 21ри Март - „Ден на пролетта“

,,Денот на пролетта‘‘ беше реализиран низ многубројни активности: децата ги проверија дрвјата, ги одбележаа дрвјата кои треба да се отстранат, го одбележаа просторот за засадување на цвеќиња, го одбележаа просторот за засадување на овошни дрвца , ја подготвија зеленчуковата градина за сеење и садење и засадија нови садници.







## 18. 22ти Март - „ Светски ден на водата“

По повод „Светскиот ден на водата“, дечињата истражуваа и експериментираа со вода. Преку овие активности стекнаа елементарни знаења за водата, за нејзините својства, за трите состојби на водата, за употребата и значењето на водата за сиот жив свет.

 

## 19. 27ми Март - „Светски ден на театарот“

Преку проследување на театарската претстава „Писмото од кралот“, реализирана од продукцијата Триангл Плус, децата го одбележаа „Светскиот ден на театарот“, се запознаа со театарската уметност и начинот на однесување при следење на театарска претстава.



## 20. 2ри Април - „Светски ден на детска литература“

По повод 2 април, Светскиот ден на литературата за деца, дечињата од група “Пепелашка” одржаа онлајн состанок со тимот на Арс Ламина и договорија посета на градинката на која ќе ги запознаат децата со начинот на создавање на списанието “Ѕвездички”



## 21. 6ти Април – „Светски ден на спортот“

„Светскиот ден на спортот“ беше одбележан преку запознавање со повеќе видови спорт и активно учество на децата во различни подвижни и натпреварувачки игри реализирани во дворот на градинката.





## 22. 7ми Април -„Светски ден на здравјето“

Дечињата од нашата градинка го одбележаа Светскиот ден на здравјето. Децата од група Пинокио од објект ,,Прв чекор" беа во посета на аптеката Зегин, која им подари подарок на секое дете. Беа пречекани од вработените кои ги запознаа со нивната професија. Дечињата има можност да ја разгледаат аптеката и да научат повеќе за професијата фармацевт. Во централниот објект на градинката во група Буба Мара и Јаготка беа гости родители кои работат како здравствени работници, при што ги запознаа децата со нивната професија





**23. 22ри Април - „Ден на планетата Земја“**

По повод 22ри Април – „Денот на планетата Земја“ децата твореа на тема ,,Да ја чуваме нашата планета Земја‘‘ и упатија апел до сите да се грижат и да ја чуваат нашата планета Земја.



## 24. Велигден

По повод доаѓањето на големиот христијански празник Велигден, дечињата се вклучија во голем број активности: боеја и украсуваа велигденски јајца, изработуваа украсни корпи за јајца, ги украсуваа занималните и холовите, изработуваа велигденски украси.

Во објект "Прв чекор" слаткарница ” Магнолија”- сопственичката Маргарита Јакимовска во пресрет на празникот Велигден на дечињата им подари 100 чоколадни јајца. Овој гест не само што им донесе радост на дечињата туку не потсети на значењето на споделувањето и љубезноста , доблести кои треба да ги негуваме секогаш , а особено за време на нашите најголеми христијански празници како што е Велигден.





25. **29 Април Светски ден на танцот**

Светскиот ден на танцот беше одбележан во соработка со балетското студио Марбал во двата објекти на градинката. Дворовите денес беа исполнети со игра,песна и весело расположение.





## 26. 15ти Мај - „Меѓународен ден на семејството“

„Меѓународниот ден на семејството“ беше одбележан со посета на родители на деца за време на дневните активности. Заедно реализираа многубројни игри и активности и ја истакнаа важноста и значењето на семејството.





## 27. 20ти Мај – ,,Светски ден на пчелите‘‘

По повод Светскиот ден на пчелите 20ти Мај, децата од група Бисерчиња го посетија претпријатието Напредок Пчеларство, каде се запознаа со производството на мед и научија повеќе за важноста на медот врз нашето здравје.





## 28. 24ти Мај - „Св. Кирил и Методиј“

Денот на словенските просветители – децата се запознаа со животот и делото на Св. Кирил и Методиј и настанувањето на азбуката.



## 29. 4ти Јуни – Завршна приредба

На 04.06.2025 година во дворот на градинката беше одржана завршната приредба на групите ,,Пепелашка‘‘, ,,Снегулка‘‘, ,,Цвет‘‘, и ,,Бисерчиња‘‘.

101 дете го завршија предучилишното образование. Преку  песни, игри и многу насмевки не прошетаа низ една весела “Занаетчиска улица” каде ги оживеаја старите занаети.








## 30. 21ви Јуни - ,,Доаѓање на летото на летото‘‘

Дечињата од групите Сончоглед, Буба Мара, Светулка и Бувче го пречекаа летото со музика, танц и многу насмевки.






Во воспитната 2024-2025 година го започнавме  проектот "Среќна Среда". Преку овој проект  секоја среда реализиравме разновидни донаторски акции и активности со родителите, приватниот сектор и пошироката заедница со заедничка цел да се усреќат нашите деца и да се поттикне општествената одговорност.

Им благодариме што беа дел од нашиот проект ,, Среќна среда ,,

- Блик – Мак
- Пана консалтинг плус
- Градска библиотека ,, Браќа Миладиновци,, Илинден
- Просветно дело
- Родител Дијана Насковска
- Гарден Дизајн Чупе
- Психолог Христина Стефановска
- Напредок – Пчеларство
- Арс Ламина
- Слаткарница Магнолија
- Марбал ,, Марија,,
- Родител Гоце Георгиевски








 

**Во текот на изминатата година децата проследија претстави и тоа:**

Куклени претстави одржани во рамките на занимањата:

1. „Шумска караница‘‘
2. „Здрава храна за детство без мана“
3. ,,Сообраќаен бон тон‘‘

Театарски претстави одржани во рамките на занимањата:

1. „Желба“
2. „Роденденско другарување‘‘
3. „Плашливиот лав“
4. „Аладин“
5. „Снежно гледиште‘‘

 

 

Целта на овие претстави беше да се развие детската фантазија, да се соживеат со настаните и ликовите, да се поттикне нивната љубопитност и да извлечат поука од истите.

Оваа година, исто така, беа реализирани бројни посети на институции со цел подобрување на квалитетот на воспитно – образовниот процес, при што децата стекнаа знаења за тоа како треба да се однесуваме во училиште, општина, банка, амбуланта, аптека, стоматолошка ординација, пазар, спортско игралиште и се запознаа со начинот на работење на истите.


JUNGHEINRICH




PLIVA
КИДС ВИТС

## 4.2. Соработка со родители

Задачите што се поставени пред детската градинка во текот на изминатата година успешно ги реализиравме со воспоставување на тесна и успешна соработка со родителите на децата.

Соработката со родителите се одвиваше на следниот начин:

- Во септември 2025 г. беа одржани родителски состаноци на сите групи во просториите во двата објекта на градинката;
- Во група Бувче се одржа работилница на која родителите заедно со децата подготвуваа печен компир на жар и топол чај.
- Во Детелинка , Слонче, Јаготка и Снегулка децата беа посетени од родители кои на децата им ги презентираа своите професии.
- Во група Јаготка се одржа работилница на тема ,, Есенски убавини , каде изработуваа изработки од природен материјал.
- Во група Слонче беше одржана работилница со родител, претставник на ,,Галафарм,, на тема ,, Здравјето во есен,, .
- Групите ,, Јаболче,, , Срничка,, , Кокиче,, , и Ѕвездички,, , со изработки од родителите од природен есенски материјал направија изложба во холот на градинката по повод испраќањето на есента.
- Родител од групата ,, Пинокио,, во објектот ,, Прв чекор,, го нацрта влезот со зимски новогодишен мотив.
- Во групите ,, Буба Мара,, , Сончоглед,, , Светулка,, , Бувче,, и Пинокио се одржаа новогодишни работилници,. Изработките на родителите и децата беа изложени на Новогодижниот базар во градинките. Со собраните средства од базарот ги исполнивме желбите на децата и ги израдувавме со нови играчки.

- Родител од групата ,, Слонче,, подготви сценарио за театарска претстава која беже реализирана од нашиот воспитно згрижувачки тим.
- Родител од групата ,, Снегулка,, со децата работеше Невро – развојни вежби за когнитивна стимулација кај предучилишни деца. Родителот обучи и дел од воспитниот кадар за понатамошна примена на вежбите.
- Во група ,, Пепелашка,, заедно со родител се подготвуваа новогодишни колачиња.
- Во соработка со родител од група Бисерчиња се подготви вкусен појадок за дечињата од нашата градинка а воедно дечињата се запознаа со начинот на производство на мед и неговото значење за здравјето на децата.
- Со присуство на родителите, бабите и дедовците во сите воспитни групи дечињата ги играаа игрите од детството на нивните баби и дедовци и на тој начин се запознаа со традиционалните семејни вредности.
- Во група ,, Снегулка со присуство на родител се одржа библиотерапевтска сесија на приказната ,, Глувчето што сакаше да чита,,
- По повод меѓународниот ден на семејството дечињата од групите ,, Сончоглед,, ,, Светулка,, и ,, Бувче,, заедно со присуство на родител преку многубројни активности се афирмираа семејството и семејните вредности.
- Воспитувач Марина М. Станчевска и група Срничка ( генерација 2020 – 2024 ), освоија највисока награда ,, Гранпри,, во рамки на проектот ,, Чудесна лабораторија

Најчести и најуспешно реализирани форми беа индивидуалните контакти со родителите, средбите со родителите на новопримените деца, писмено комуницирање, учество на родителите во воспитниот процес. Соработката со родителите благодарение на превземените активности и мерки во изминатите години и во текот на оваа година се реализираше уште поуспешно.

## 5. СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Кадарот во детската градинка во текот на воспитната 2024/2025 година го сочинуваа вкупно 59 лица неопределено време:

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Раководен орган (Директор) | 1 лице |
| **2.** | Воспитувачки кадар (Воспитувачи) | 18 лица |
| **3.** | Згрижувачки кадар | 24 лица |
| **4.** | Логопед | 1 лице |
| **5.** | Готвач | 3 лица |
| **6.** | Помошник готвач | 3 лица |
| **7.** | Садомијач | 2 лица |
| **8.** | Хаус мајстор | 1 лице |
| **9.** | Технички персонал (Хигиеничарки) | 6 лица |

Преку Агенција за привремени вработувања вработени се четири лица од технички персонал.

Во текот на изминатата година реализирани се вработувања на неопределено време на неговател ( 2 извршители), помошник готвач ( 2 извршители) , хигиеничар(1 извршител).

Унапредување на 2 воспитувачи приправници во воспитувачи, 4 негователи приправници во негователи, еден садомијач во готвач и еден помошник готвач во готвач.

Секојдневните активности на згрижувачкиот и воспитниот кадар се надгледувани од страна на директорот. Притоа се даваат соодветни упатства и насоки со цел да се подобри и унапреди дејноста.

## 6. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Со цел грижа и информирање за здравствената состојба на децата во детската градинка, оваа година во работењето на градинката се продлабочи и засили здравствената заштита. За следење на правилен развој и раст на децата се применуваат секојдневни мерки:

1. Редовно мерење на децата (висина и тежина) - 1 месечно;

2. Проверка на вошливост - 1 неделно;

3. Дезинфекција на играчки (вршат неговумелките ) - секој ден;

4. Спроведување на превентивни мерки во време на заразни болести врз основа на упатства и насоки дадени од страна на Министерство за здравство (засилени мерки за хигиена во периодот на појава на: вируси, грип, варичела и морбили);

5. Систематски прегледи на вработените на 24 месеци;

6. Санитарни прегледи за вработените (еднаш годишно за воспитно - згрижувачкиот кадар и на шест месеци за готварскиот кадар);

7. Осигурување на децата од страна на осигурителна компанија избрана од Совет на родители.

**Основната грижа на техничкиот персонал беше:**

1. Одржување на хигиена на просториите во кои престојуваат децата, вклучувајќи и дезинфекција;

2. Одржување на постелнината за спиење;

3. Одржување на детските тоалети кои во секој момент треба да се обезбедени со тоалетна хартија, бришач за раце, течен сапун и средство за дезинфекција на рацете по миење;

4. Одржување на детските гардеробери;

5. Одржување на хигиена во дворот;

6. Проветрување на просториите;

**Над работата беше извршен надзор од соодветни овластени институции:**

**1.** На ден 10. 04 .2025 година извршен е инспекцики надзор од страна на Министерство за социјална политика, демографија и млади.

**2.** На ден 07.05.2025 година извршен инспекциски надзор од страна на Државен санитарен и здравствен инспекторат.

**3.** На ден 28.07.2025 извршена е инспекциски надзор од страна на општинска комунална инспекција.

Во градинката во текот на изминатата воспитна година се приготвуваше храна според мени изработено и доставено од страна на нутриционист, претставник од Министерството за социјална политка, демографија и млади.

Согласно препораките на Министерство за социјална политика, демографија и млади и Министерство за здравство во градинката се избегнува користење на шеќери во исхраната, елиминирани се кондиторски производи и вештачки масла во исхраната како и замена на белиот леб со црн.

## 7. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

На насока на стручно усовршување на вработените беа следени стручни предавања од области поврзани со работата на детската градинка. Институцијата располага со стручна литература од областа на педагогијата, психологијата и здравството која е во секој момент достапна за вработените за нивно стручно усовршување. Со цел унапредување на воспитно-згрижувачката дејност во текот на изминатата воспитна година беше овозможено вклучување на сите форми на стручно усовршување, семинари, советувања и слично, беа посетени:

1. Обука на тема „ Инклузија на деца со развојни нарушувања и пречки во развој ,, ( реализирана од Светски институт за менаџмент )

2. Обука на тема ,, Ликот на давателите на услуги во градинките и училиштата ,, ( реализирана од Анима Психовелнес и Советување )

3. Обука на тема ,, Детскиот цртеж и негово толкување ,, ( реализирана од психолог Христина Стефановска )

4. Обука на тема ,, Игра и животни вештини ,, ( реализирана одЦиришкиот универзитет за едукација на учители )

## 8. СОВЕТИ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### 8.1. Совет на воспитувачи

Советот на воспитувачи се состанува секој месец во текот на годината и работи на унапредување на воспитната дејност.

Главни задачи на воспитувачите се:

1. Планирање и реализација на занимањето;
2. Водење на педагошка евиденција и документација;
3. Водење на електронска евиденција и документација;
4. Следење на развојот на децата;
5. Водење на досие на дете;
6. Акцентирање на силните страни на децата;
7. Подготовка на приредби (кореографија);
8. Организација на текот на отворените денови и работилници;
9. Давање предлози за унапредување на дејноста;
10. Работа на проекти;
11. Организирање куклени и театарски претстави;
12. Следење и анализа на резултатите од работата;
13. Практично решавање на одредени ситуации;
14. Меѓусебна размена на искуства;
15. Консултации и разработка на стручна литература.

### 8.2. Совет на негователи

Советот на негователи во текот на годината континуирано ја унапредуваше згрижувачката работа.

Главни задачи на негователите се:

1. Грижа за хигиената на децата и проверка на вошливост;

2. Менување постелнина;

3. Помош при одржување на занимање;

4. Повторување на дел од занимањата во попладневните часови;

5. Исхрана на деца;

6. Потикнување на хигиенски навики кај децата;

7. Редовно мерење на висина и тежина на децата;

8. Дезинфекција на играчки – често миење на играчки и нивно дезинфицирање како и остранување на веќе користени играчки од другите некористени играчки.

9. При пасивен одмор на децата негователот ги поставува децата според принцип нозе-глава. Постелнините на секое дете се обележани со име и презиме на детето и се води грижа да не се мешаат.

10. Ги контактираат родителите за причините за отсуство на детето и доколку е потребно се бара потврда од матичен лекар на детето.

11. При промена во здравствената состојба на детето- висока температура се известува родителот/старателот, а детето се носи во соба за изолација и се проверуваат и другите деца во групата и доколку има сомнителни случаи се изолираат од другите деца.

## 8.3. Стручен совет

Стручниот совет го сочинуваат: директорот, сите воспитувачи, сите негователи и стручниот работник-логопед.

Главни задачи на стручниот совет се:

1. Давање мислења и предлози во поглед на организација на работата и условите за работа;

2. Следење на програмата и превземање мерки за нејзино реализирање;

3. Давање предлози за стручно усовршување на кадарот;

4. Утврдување на потребите од игровен, дидактички и друг материјал за работа со деца како и потреби од потрошен материјал за реализирање на дејноста;

5. Давање предлози за организирање на приредби, манифестации, спортски настани, куклени и театарски претстави.

### 8.4. Совет на родители

Советот на родители функционира како орган кој одлучува за низа прашања поврзани со престојот на деца во детската градинка и одлучува за факултативна програма која ќе се изведува во детската градинка. Советот на родители го сочинуваат 5 члена.

Со советот на родители раководи претседател избран од членовите на советот. Оваа воспитно-згрижувачка година Советот на родители одлучуваше по следните прашања:

1. Програми кои се реализираат во детската градинка;
2. Избор на детско списание
   - „Росица“;
   - „Супер Смешка“;
   - ,, Месечко ,,
3. Користење на прирачници одобрени од Министерство:
   - Детска планета 3-4 години (АрсЛамина);
   - Графомоторички вежби, 4 – 5 години (АрсЛамина).
   - Графомоторички вежби , 5- 6 години ( АрсЛамина )
4. Разгледување на понуди за осигурување на децата

   (беше избрана понудата на осигурителната компанија Кроација осигурување);
5. Избор на училиште за факултативна настава по англиски јазик

   (беше избрано училиштето ,,Step to Knowledge”)
6. Избор на училиште за модерен танц и ритмички вежби

   (беше избрана понудата на танцовата академија Марбал);
7. Избор на фото-студио

(беше избрана понудата на Фото-студио ,,Визија‘‘);

8. Избор на новогодишно пакетче

(беше избрана понудата на „Седум дена “);

9. Други актуелни моменти поврзани со престојот на децата.

## 9. РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Директорот како раководен орган на Детската градинка својата работа во текот на изминатата воспитна година ја водеше согласно законските одредби, подзаконските акти на Министерството, Програмата за работа во воспитната 2024/2025 година, протоколот за активности во установите за згрижување и воспитание на деца, а во континуирана соработка со Министерството, Локалната самоуправа – Општина Илинден, Детските градинки во Републиката.

Со својата работа директорот беше главен водич, организатор и координатор на целокупната работа во детската градинка.

1. Директорот ја организира и раководи работата на установата, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност и актите на установата, ја застапува установата пред трети лица и е одговорен за законитоста и работата на установата;

2. Ја предлага Предлог – Годишната програма за работа на управниот одбор, ја доставува до основачот и превзема мерки за реализирање на годишната програма за работа;

3. Ги извршува одлуките на Управниот одбор;

4. Одлучува за засновање и престанок на работен однос на вработени за вршење на дејноста согласно со закон, актите на установата и колективниот договор;

5. Доставува годишна сметка;

6. Врши распоредување на работници;

7. Поднесува извештај за работа на установата во текот на годината до управниот одбор и основачот;

8. Поднесува извештај за реализација на финансиско работење на установата секој месец, квартал, полугодие и на крајот на годината до локалната самоуправа;

9. Врши други работи предвидени со закон, статут и други акти на установата;

10. Директорот се залага за искористување на просторот во градинката најдобро што може во интерес на поквалитетен престој.

Во таа насока континуирано се обновуваат занималните, игровниот материјал, салата за свечености се збогатува со нови содржини и се опремува кујната.

Детските реквизити во дворот се одржуваат за да секогаш бидат во исправна состојба. Паркот е достапен за користење и на деца кои не ја посетуваат градинката, а се на возраст од 2 до 7 години.

Директорот настојува секој настан, приредба или манифестација кои ќе се организраат да бидат на високо ниво на организација, да се пронајде секој детски талент и истиот јавно да се претстави пред публика.

Директорот води грижа за :

1. Навремена достава на потребни информации до:
   - Локалната самоуправа,
   - Министерство за социјална политика , демографија и млади;
   - Министерство за информатичко општество и администрација;
   - Министерство за здравство;
   - Министерство за образование;
2. Стручно унапредување на кадарот;
3. Унапредување при реализација на приредби, свечености, учество на конкурси и манифестации, одбележување на празници;
4. Носење на решенија кои позитивно ќе се одразат на квалитетот на престојот во градинката;
5. Соработка со институции, со цел унапредување на воспитната и згрижувачката дејност;
6. Квалитетна реализација на програмата.

Директорот врши:

1. Претставување на детската градинка во земјата;
2. Застапување на институцијата пред надлежните институции;
3. Контакти со стопански субјекти со кои може да се соработува;
4. Збогатување на библиотечен фонд, збогатување на детската градинка со костими, кукли за претстави, центри, дидактички игровен материјал;
5. Посета на воспитните групи, координација на воспитно-згрижувачката дејност;
6. Обезбедување стручна литература;
7. Континуирано настојување за подобрување на работата во кујната.

Директорот на детската градинка „Гоце Делчев" ги врши и следниве задачи:

1. Контрола на педагошката евиденција и документација;
2. Следење и реализација на развојниот план (остварување на точките на акција);
3. Изготвување на годишна програма во соработка со воспитувачи;
4. Изготвување на извештај за работа во соработка со воспитувачи;
5. Разговори со деца и родители;
6. Разговори и консултации со воспитувачите во поглед на изведување на програмата;
7. Давање насоки за правилен пристап со деца на самохрани родители или со деца за кои сме информирани дека се наоѓаат во период на пресврт, семејни недоразбирања и проблеми;
8. Посета на институции, соработка со педагози од другите градинки;
9. Организација на приредби;
10. Одлучува на кои проекти ќе се работи и превзема мерки за контрола и евалуација на спроведеното.

## 10.РАБОТА НА УПРАВЕН ОДБОР

Во текот на воспитната 2024/2025 година управниот одбор во состав од: тројца претставници од основачот, еден претставник од Министерство за труд и социјална политика, еден претставник од вработените на детската градинка и двајца претставници од советот на родители дадоа особен придонес за непречено изведување на дејноста на детската градинка.

Управниот одбор секогаш навремено, со особено залагање, давање на конструктивни предлози и искажа поддршка и интерес за унапредување на дејноста во детската градинка.

Во минатогодишното работење управниот одбор донесе:

- Измени и дополни на финансов план за 2024 година
- Одлука за годишен план за јавни набавки
- Одлука за финансов план за 2025 година
- Одлука за усвојување на завршна сметка за 2024 година
- Одлука за усвојување на попис за 2024 година
- Одлука за прекин со работа на објект ,,Прв чекор’’;
- Одлука за усвојување на Измени на финансиски план за 2025 година
- Одлука за утврдување на критериуми за прием на деца
- Одлука за утврдување на поголем број на деца од законски утврдениот број
- Одлука за давање согласност за годишен план за вработување за 2026 година
- Одлука за усвојување Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Гоце Делчев,,

## 11. РАБОТА НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР

Врз основа на член 22 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници ( Сл. Весник на РСМ бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15, и 170/17 ), а во врска со член 9 од Деловодникот за работа на Орган на надзор е донесена

- Одлука за давање на позитивно мислење за усвојување на Завршна сметка за 2024 година

  Врз основа на член 29 и член 31 –а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетски корисници ( Сл. Весник на РСМ бр. 28/03, бр. 62/06, бр. 8/09, бр. 175/11, бр. 101/13 ) на седница на Орган за надзор е донесена
- Предлог – Одлука за усвојување на Извештајот за извршен редовен годишен попис на средства со состојба на ден 31.12.2024 година

## 12. СЛАБИ СТРАНИ И НЕДОСТАТОЦИ

Во Централниот објект постои листа на чекање на деца (заклучно со моментот на донесување на извештајот) е во следна состојба:

| ***Година на раѓање*** | ***Број на деца на листа на чекање*** |
|---|---|
| **2020** | **1** |
| **2021** | **0** |
| **2022** | **0** |
| **2023** | **2** |
| **2024** | **17** |
| **2025** | **19** |
| **Вкупно** | **39** |

Во текот на годината се очекува прием на нови пријави за упис што значи дека листата ќе се зголемува. Од овие причини градинката превзема чекори за зголемување на капацитетите. По изградба на кујната , просторот на кој сега функционира сегашната кујна ќе биде адаптиран и ќе се добијат две занимални во кои ќе се згрижат околу 50 деца.

Во објектот „Прв чекор“ листата на чекање на деца е во следна состојба:

| *Година на раѓање* | *Број на деца на листа на чекање* |
|---|---|
| **2019** | **0** |
| **2020** | **0** |
| **2021** | **0** |
| **2022** | **0** |
| **2023** | **0** |
| **2024** | **0** |
| **2025** | **0** |

## 13. ЗАКЛУЧОЦИ И СИЛНИ СТРАНИ

Во текот на воспитната 2024/2025 година се изврши:

**1.** Започната изградба на нова централна кујна за потребите на детската градинка со површина од 150 м2.

**2.** Континуитано опремување на детските паркови со реквизити;

**3.** Набавка на униформи за вработените;

**4.** Набавка на дидактички материјали и играчки;

**5.** Набавка на костими за децата;

**6.** Набавка на кујнска опрема и ситен инвентар;

**7.** Работа на изготвување на проект за адаптација

**8.** Доказ за нашата успешна воспитно-згрижувачка работа е изборот наЦиришкиот универзитет за едукација на учители, кои во рамки на својата посета на Институтот за Педагодија при Филозофскиот факултет заедно со проф. Алма Тасевска ја посетија ЈОУДГ"Гоце Делчев". Гостите не запознаа со функционирањето на градинките во Цирих, Швајцарија и на дел од вработените одржаа обука на тема" Игра и животни вештини", додека ние ја презентиравме работата на нашата установа и ги презентиравме своите капацитети.

Од наведеното работење во изминатата година на ЈОУДГ „Гоце Делчев“ сметаме дека се работеше во позитивна насока, во насока на унапредување на дејноста.

***Арх. бр. ____________***

**Од __________ 2025 год**

**ЈОУДГ „Гоце Делчев“**

**Директор**

**м-р Катерина Бојковска Јовчевска**